АРХИВСКИ ПРИЛОГ

INSTITUTE FOR ADVANCED COMPOSITES AND ROBOTICS
ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА

Приватна научна установа
ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА
Бр. 02-205/2
10.12. 2019 год.
Прилеп

Врз основа на член 36 став 3, член 39, член 41 и член 67 од Законот за научно истражувачката дејност (Сл.Весник на РМ бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16), член 183 од Законот за високото образование (Сл.Весник на РМ бр.82/18), член 54, член 55 и член 56 од Статутот, како и одредбите од Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно - научни, научни и соработнички звања и двата акти на Приватната научна установа, Институт за современи композити и роботика, Прилеп, Советот на Институтот за современи композити и роботика, Прилеп на седницата одржана на ден 10.12.2019г. ја донесе следната:

Архивски знак 0201
Рок на чување Трајно
10.12. 2019 год.

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО – НАУЧНО ЗВАЊЕ

## I

Се избира кандидатот Вонреден професор-Виш научен соработник Д-р Светлана Ристеска во звање Научен советник за наставно-научната област: Композитни материјали и Полимерни материјали на Приватната научна установа, Институт за современи композити и роботика, Прилеп, за период од 5 години, почнувајќи од 22.12.2019 до 21.12.2024 година, а врз основа на објавениот Конкурс во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм" на 21.06.2019 година, како и стручната оцена на Рецензионата комисија во состав:

1. Проф. д-р Благоја Самакоски, редовен професор на Институтот за современи композити и роботика Прилеп - Претседател
2. Д-р Винета Сребренкоска, редовен професор на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет "Гоце Делчев", Штип - Член и
3. Д-р Анка П.Трајковска, редовен професор на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет "Св. Климент Охридски", Битола - Член.

## II

Според член 67 од Законот за научно-истражувачка дејност, односно член 183 од Законот за високото образование, звањето Научен советник е еквивалентно на звањето Редовен професор. Согласно наведеното, Д-р Светлана Ристеска може да учествува во изведување настава како Редовен професор за предмети од наставно-научната област: Композитни материјали и Полимерни материјали.

## III

Оваа Одлука стапува на сила веднаш, а ќе се применува од 22.12.2019 година.

Одлуката да се достави до:
- избраниот кандидат
- архива

ДЕКАН
Вонр. проф. д-р Светлана Ристеска

Приватна научна установа ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА Прилеп